20242594550

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 58 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОБУКИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат содржината и формата на Годишниот план за обуки на административни службеници (во натамошниот текст: Годишниот план) и Извештајот за негова реализација (во натамошниот текст: Извештајот).

Член 2

Годишниот план се изготвува во електронска форма и содржи табеларен приказ на планираните генерички и специјализирани обуки за секој административен службеник во институцијата одделно, со наведување на:

- редниот број на генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки;
- називите на специјализираните обуки и висината на финансиски средства потребни за реализација на секоја специјализирана обука одделно и
- изворот на финансирање на специјализираните обуки (од буџет на органот, од проект, соработка со други институции, а особено прецизно да се наведат евентуални други извори).

Член 3

Извештајот се изготвува во електронска форма и содржи табеларен приказ на планираните и реализираните генерички и специјализирани обуки за секој административен службеник во институцијата одделно.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и формата на годишен план за обуки на административните службеници и извештајот за негова реализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/14).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/8
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за
јавна администрација,
Горан Минчев, с.р.